**Година 2002, мај, број 6**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

Месец Мај го одбележа интезивна наставна активност вообичаена за овој период.

Во овој и наредниот период се очекува раздвижување и во областа на применетите истражувања.

Во тек е конкурсот за нови научно-истржувачки проекти.

Како предходница на очекуваната надворешна еволуација и акредитација (јуни, јули 2002) интезивно се работи на самоевалуација.

Очигледно уште многу мора да сработиме до годишните одмори.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА НАСОКА

Комисијата за настава при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" на седницата одржана на ден 27.05.2002 ги прифати измените во наставните планови на МФС кои се состојат во реконструкција на насоката енергетско машинство и инженеринг во енергетско машинство со инженерска **екологија**. На ред е расправа и нивно усвојување на ректорската управа најавена за 10.06.2002.

## ИНФОРМАЦИИ ОД УПРАВАТА НА ФАКУЛТЕТОТ

Управата на факултетот донесе одлука за распределба на средствата за теренска настава за оваа учебна година.

Управата на факултетот донесе одлука за издвојување на дел од средствата од постдипломските студии за освежување на литературниот фонд на факултетот. Детали може да се добијат кај продеканот за наука.

## БИБЛИОТЕКА

Набавени се примероци од следниве книги:

1. Димитровски, М: "Современи мотори со внатрешно согорување". Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2001
2. Димитровски, М: "Теорија и анализа на мотори со внатрешно согорување". Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2001
3. Димитровски, М: "Современа опрема кај моторите со внатрешно согорување". Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2001
4. Димитровски, М.; Давчев Т.; Николов, Е.: "Мотори и моторни возила": Скопје, Систем плус 1999

5. Димитровски, М.; Давчев Т.; Николов, Е.: "Мотори и моторни возила: Практикум: Скопје, Систем плус 1999 Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2001

## КОНКУРС ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

Министерството за образование и наука на ден 10 мај 2002 распиша конкурс за доделување средства за реализација на научно истражувачки проекти во 2002 година, и тоа од научната обласат природно-математички науки до 28 проекти и од научната област техничко-технолошки науки до 28 проекти. Обрасците за предлог-пријавите за финансирање на научноистражувачки проекти (образец ОБ-1) можат да се добијат во министерството за образование и наука или на адреса www.mon.gov.mk. Предлог-пријавите да се доставуваат во три примероци, а во прилог се доставува и дискета. Конкурсот ќе трае до 25 јуни 2002 година заклучно.

## ПРОМОЦИЈА НА IVECO ЗА СТУДЕНТИТЕ НА МФС

На ден 29.05.2002 во кругот на МФС се одржа промоција на најновата гама на тешки возила од производниот опус на IVECO.



P5290008.JPG

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

На ден 21.05.2002 студентите од насоката термотехника и термоенергетика при МФС извршија теренска настава при што ги посетија фирмите "Зелоп" од Свети Николе и "Жито ориз" од Кочани.

## КОНСУЛТАТИВНИ СРЕДБИ - ПОДГОТВИТЕЛНА НАСТАВА

МФС организира бесплатни консултативни средби за сите кандидати за запишување на факултетот. Средбите ќе се одржуваат во следниот период: МАТЕМАТИКА (од 11.06.2002 до 13.06.2002), ФИЗИКА (од 17.06.2002 до 19.06.2002) и ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА И ЈАКОСТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ (од 17.06.2002 до 19.06.2002).

## СОСТАНОК

На ден 09.05.2002 во просториите на МФС се одржа состанок со претставници од ГТЦ- Скопје и ГТЦ- Софија. Гости на факултетот беа Слободан Поповски - ГТЦ Скопје, Невелина Велева - референт од ГТЦ Софија, и Добри Чундев - проект офицер. На средбата беа разменети искуства за процесите за развој на центри за трансфер на технологија.

## ДОКТОРИРАНИ

1. Асс. м-р Атанас Кочов 10.05.2002

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Константин Димитров, состанок на експертите за енергетска ефикасност во Марибор, Словенија од 14 до 18 мај 2002.
2. Проф. д-р Звонимир Костиќ, посета на саем за водоснабдување во Минхен, Германија од 15 до 18 мај 2002.
3. Стр. сор. Дарко Бабунски, посета на Догуш универзитетот во Инстанбул, Турција од 13 до 18 мај, 2002.
4. Проф. д-р Ванчо Донев, учество на Балканска конференција по операциски истражувања во Солун, Грција, од 22 до 25 мај 2002.
5. Асс. м-р Искра Дуковска - Поповска, стручен престој во Данска, на докторски студии.
6. Асс. м-р Зоран Марков, сеуште на отслужување на воен рок. МИРРНО!

## Д О Б Р Е Д О Ј Д Е

Проф. д-р Томислав Златановски, по студискиот престој во Институтот за механика на флуиди при Бундесфер Универзитетот во Хамбург, СРГ се врати. Му посакуваме добредојде!

## WEB СТРАНА НА МФС

Промените во биографиите кои се поставени на web страната, тековни, апдејтувања и слични активности може да ги направите со праќање на e-mail со соодветните промени на следнава адреса: webmaster@mf.ukim.edu.mk .

Кога сме кај е-маилите, поштата се прифаќа и на ereb и на ereb1, најнормално.

## ВО ЗДРАВО ТЕЛО-ЗДРАВ СТУДЕНТ

1. Спортистите од МФС на студентските игри во Струга го освоија второто место во вкупен пласман мажи. Тие освоија: прво место во мал фудбал, прво место во пинг понг екипно, второ место во ракомет, четврто место во кошарка и одбојка и поединечно прво и четврто место во пинг понг.
2. Спортската екипа во мал фудбал при МФС го освои второто место во универзитетската лига во мал фудбал.
3. Спортската екипа во кошарка при МФС го освои шестото место во универзитетската лига во кошарка.

## ЧЕСТИТКИ!!!

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**30.05.2002**
**18 СЕДНИЦА НА ННС**

**27.06.2002**
**19 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

## Техничко уредување:

*Тони Манџуковски*

*Борис Рошков*